# ДАНОЧНА АКАДЕМИЈА „ОБУКА ЗА УСПЕХ“

28.10.2025

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

## ИСТОРИЈАТ

Поттикнати од потребата за континуирана едукација на даночните службеници и зајакнување на институционалниот капацитет на Управата за јавни приходи (УЈП), а мотивирани од добрите меѓународни практики за обединување и поттикнување на влијание на даночната експертиза помеѓу владата, даночните обврзници и Управата за јавни приходи, се роди идејата за формирање на Даночна академија.

Визијата на УЈП да создаде сопствен систем за учење и професионален развој, кој ќе обезбеди стручност, интегритет и ефективност во работењето на даночната администрација се оствари во 2011 година со формирање на Даночната академија со прокламација од страна на Директорот на УЈП и Министерот за финансии.

Преку Даночна академија, УЈП постави темели за модерна институција која учи и се развива, преку систематски и структуриран пристап кон едукацијата, и размена на знаења и добри практики со други институции во земјава и странство.

## ПРОФИЛ

Даночната академија е симбол на посветеноста на УЈП за унапредување на даночна едукација и знаење и за воведување на иновативни решенија во областа на оданочување преку вложување во човечкиот капитал.
Тоа е посебна организациска единица во УЈП, организирана на ниво на сектор, со јасно дефинирани надлежности и функции согласно интерните акти и процедурите на УЈП, каде во моментов работат четири лица кои ја извршуваат целокупната работа.
Даночната академија има на располагање специјализирани интерни обучувачи и користи стручни соработници од други државни институции, вклучително и надворешни овластени лица кои вршат јавна дејност во државата, како и надворешни меѓународни и домашни експерти. Од тековната работа во Даночна академија е воспоставена база на податоци за учесници, обучувачи и програми.

За реализација на едукативните настани, Даночната академија има на располагање една Даночна училница во УЈП - Регионална дирекција Скопје, со капацитет до 35 учесници, и две сали со прилагодени можности за спроведување на обуки во УЈП - Генерална дирекција Скопје, со вкупен капацитет до 55 учесници. Едукативните активности се реализираат и во регионалните дирекции низ државата во зависност од потребите и динамиката на програмите за едукација.
Заради организирање на настани со поголем капацитет на учесници, Даночната академија во соработка со други државни институции користи и други владини простории.

## ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

- Развивање на стратегија на УЈП за развој на вештини и учење;
- Изградба на систем за стекнување и надградба на знаења;
- Донесување и следење на планови и програми за обука;
- Идентификација на потребите за обука при вработување и унапредување;
- Изготвување наставни материјали и методологии;
- Спроведување интерни и надворешни обуки;
- Изработка на прирачници, публикации и извештаи;
- Водење евиденции и извештаи за учество и резултати од обуките;
- Организирање на обуки за даночни обврзници и фискална едукација на млади во соработка со Секторот за даноци и услуги на даночни обврзници;
- Непосредна координација со Секторот за меѓународна соработка за организирање на програми за едукација и развој во соработка со меѓународни организации, институции и проекти, и тоа:

**Програми на Европска унија**
- FISCALIS (ЕУ програма во рамките на Генералниот директорат за даноци и царина);
- TAIEX (ЕУ инструмент за техничка помош и размена на информации).

**Меѓународни организации и институции**
- IOTA (Интра-европска организација на даночните администрации);
- IMF (Меѓународен монетарен фонд);
- OECD (Организација за економска соработка и развој);
- CEF (Центар за развој на финансиите);
- WB (Светска банка).

**Проекти**
- *Проект*: Министерство за финансии на САД – „Управа за јавни приходи и Царинска управа на Северна Македонија (УЈП/ЦУ) и Министерство за финансии на САД-Канцеларија за техничка помош (OTA) - Програма за политика и администрација за приходи“ (2023-2027 година);
- *Проект*: Даночна администрација на Шведска финансирана преку Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) (2025-2028 година);
- и други тековни меѓународни проекти кои се спроведуваат во УЈП.

## ПРАВНА РАМКА

- Законот за Управата за јавни приходи; *http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/63*
- Правилник за внатрешна организација на УЈП; *http://www.ujp.gov.mk/mk/uprava/category/1567*
- Правилник за систематизација на работни места во УЈП; *http://www.ujp.gov.mk/mk/uprava/category/1568*
- Кодекс на етика и однесување на даночните службеници; *http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/214*
- Стратешки план на УЈП; *http://www.ujp.gov.mk/mk/uprava/category/111*
- Повелба на Даночната академија;
- Процедура за планирање, спроведување и евалуација на програмите за едукација на Даночната академија;
- Методологија на критериуми за избор на вработен кој треба да се упати на обука и постапка за номинирање.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Нововработени лица во УЈП;
- Вработени во УЈП;
- Волонтери;
- Практиканти;
- Даночни обврзници;
- Други државни институции;
- Млади и студенти.

## ПРОГРАМИ ЗА ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ

- Специјализирани обуки за потребите на функциите;
- Задолжителни воведни обуки и менторирање на нововработени;
- Даночна едукација на младите (основни, средни училишта и факултети);
- Програма за обучувачи (Train the Trainers);
- Меѓународни програми и проекти за размена на искуства и знаење.

## ПЛАНИРАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ

Процесот на планирање се спроведува на годишно ниво со идентификување на потребите за обука преку електронски доставен прашалник до раководните лица на сите организациони единици во УЈП со цел реална проценка и утврдување согласно потребите на вработените во сите организациони единици на УЈП.

*„ОБУКА ЗА УСПЕХ“*

Со анализа на доставените потреби за обука и дополнително утврдени можности за едукација од страна на Даночната академија се изготвува Годишен план за едукација кој се објавува најдоцна до 15-ти декември во тековната година за наредната година.
Корекција и дополнување на прашалникот е предвидена и се врши најдоцна до 10-ти во месецот, пред почетокот на наредното тримесечје.

Заради опфат и на ad-hoc потреби за обука на теми за кои се бара итност и неодложност, Даночна академија ги вклучува и овие потреби преку изготвување на Квартални планови за едукација на секои три месеци.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ФУНКЦИИ ВО УЈП И ТРЕТИ СТРАНИ

Во рамки на своето работење, Даночната академија активно соработува со:

- Секторот за меѓународна соработка за организирање на обуки, експертски мисии и студиски посети, достапни врз основа на членството и соработката на УЈП со меѓународни организации, институции и проекти;
- Сектор за човечки ресурси за реализација на програмите на УЈП за волонтирање, практикантство, менторство, наследување и др.
- Секторот за услуги на даночни обврзници на УЈП за реализација на специјализирани обуки за даночни обврзници и даночна едукација на младите;
- Други институции и професионални здруженија, врз основа на поднесени барања или склучени меморандуми за соработка (*на пример: Академија за судии и јавни обвинители, Агенција за заштита на лични податоци, Царинска управа, Комора на стечајни управници, Комора на извршители и др.)*
- Други надворешни едукативни центри, специјализирани друштва за едукација и надворешни експерти;
- Образовни институции во државата, врз основа на склучени меморандуми за соработка, со цел промовирање на даночната регулатива помеѓу младите.

Оваа мрежа на партнерства обезбедува размена на знаења и спроведување на обуки со висок квалитет.

## МЕРЕЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВО И ЕВАЛУАЦИЈА

Секој едукативен настан се оценува од страна учесниците, преку анонимен прашалник кој го пополнуваат задолжително по завршување на секоја обука, а резултатите се анализираат од страна на Академијата и се користат за:

- Подобрување на идните програми на Даночната академија;
- Мерење на ефективноста на обучувачите;
- Оценување на задоволството на учесниците и применливоста на стекнатите знаења;
- Потребата од корекција во организацискиот дел на Даночната академија;
- Препораки за понатамошни обуки.

Дополнително, квалитетот и потребата од едукативните настани се оценува и преку годишната анкета за мерење на задоволството на вработените во УЈП. Воспоставена е позитивна пракса, по завршување на обуката во странство, вработениот да се изготви колумна, која служи за споделување на стекнатото знаење и дисперзија на позитивните искуства и практични сознанија за темата која се обработува. Колумната се објавува на интерната платформа „Intranet", каде е достапна за секој вработен во Управата.

## СТАТИСТИКА

| Година | Едукативни настани во земјата организации/институции | | Едукативни настани во соработка меѓународни | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на настани | Број на учесници | Број на настани | Број на учесници |
| 2019 | 26 | 1562 | 43 | 101 |
| 2020 | 27 | 606 | 27 | 45 |
| 2021 | 29 | 950 | 40 | 130 |
| 2022 | 29 | 878 | 42 | 79 |
| 2023 | 53 | 1688 | 36 | 83 |
| 2024 | 45 | 1114 | 39 | 99 |

## ПОЗИТИВНИ ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ

Позитивни искуства

- Континуирана едукација и надградба на знаења;
- Соработка и размена на искуства со национални и меѓународни институции;
- Стручен пристап на интерните обучувачи;
- Професионален пристап на надворешни стручни соработници во улога на обучувачи;
- Високо ниво на задоволство кај учесниците.

Предизвици

- Дигитализација на деловните процеси на Даночната академија, со цел интегрирање на податоците во еден систем за човечки ресурси и е-Учење;
- Примена на алатки и модели на вештачка интелигенција;
- Професионализација на човечкиот потенцијал во Даночна академија;
- Подигнување на професионалната компетентност на даночната заедница;
- Обединување на даночната експертиза преку воспоставување на партнерски однос со државните институции, даночните обврзници и други целни групи за да поттикне транспарентна и одржлива долгорочна соработка и создавање на вредност во даночната едукација.












